Врз основа на член 32 став (1) точка 2) алинеја 1, во согласност со член 24 став (1) точка 1) алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) а во врска со Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје УП1 бр. 12-15/19 од 25 септември 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 197/19) и Одлуката за престанок на лиценцата за вршење на енергетската дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје УП1 бр. 12-47/17 од 30 септември 2019 година, постапувајќи по службена должност, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 септември 2019 година донесе

**О Д Л У К А**

**за пренос на Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за 2019 година за вршење на регулираната енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД МЕПСО Скопје**

1. Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за 2019 година за вршење на регулираната енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД МЕПСО Скопје УП1 бр. 08-44/19 од 28 јуни 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 132/19) која се однесува на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија СЕ ПРЕНЕСУВА на Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, ќе се применува од 1 октомври 2019 година, а ќе се објави во Службен весник на Република Северна Македонија и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 71 став (4) од Законот за енергетика, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во натамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), како носител на лиценца за пренос на електрична енергија не може да има лиценца за организирање и управување со пазарот на електрична енергија. Со цел исполнување на оваа законска одредба АД МЕПСО Скопје на 8 октомври 2018 година го основа МЕМО ДООЕЛ Скопје, со цел да ја врши дејноста организирање и управување со пазарот на електрична енергија.

Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: МЕМО ДООЕЛ Скопје), на 21 март 2019 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19 и 54/19), поднесе Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија, УП1 бр. 12-15/19 од 21 март 2019 година.

Врз основа на поднесеното барање, а во согласност со Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика спроведе постапка за издавање на лиценца и на 25 септември 2019 година донесе Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје УП1 бр. 12-15/19 од 25 септември 2019 година (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 197/19), која ќе започне да се применува од 1 октомври 2019 година.

Постапувајќи по службена должност, Регулаторната комисија за енергетика на 30 септември донесе Одлуката за престанок на лиценцата за вршење на енергетската дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, УП1 бр. 12-47/17 од 30 септември 2019 година, која ќе започне да се применува од 1 октомври 2019 година.

Согласно горе цитираните одлуки во врска со лиценците за вршење на енергетската дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија, МЕМО ДООЕЛ Скопје во целост ги презема сите права и обврски од МЕПСО АД Скопје и почнува со вршење на енергетската дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија како и досега.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 02-3123/1**
**30 септември 2019 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Скопје** **Марко Бислимоски**

изготвил: Марија Костадиновска
одобрил: Елена Колевска